Врз основа на член 73 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## за приредување на игри на среќа во обложувалница

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола со седиште на ул.„Даме Груев" бр.70 Битола МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во уплатно-исплатното место кое се наоѓа во Подружница ЕВРО ТИП 1 Битола на ул.„Филип Втори Македонски" бр.30 трг/ком/Безистен-лок.12 во Битола, за период од три години.

2. Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

3. Доколку Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола не започне со приредување на игрите на среќа во рокот од точката 2, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

4. Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 52.500 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Севрна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

5. Доколку Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 52.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

6. Доколку Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола не ги плаќа годишните рати во износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 4, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

7. Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка

со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

8. Доколку Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

9. Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа.

10. Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола Е ДОЛЖНО на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт.

11. Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина на трговското друштво пропишана во Законот, односно во износ кој неможе да биде помал од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

12. Доколку Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола не ја одржува висината на основната главнина од точката 11, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

13. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

## Образложение

Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-7880/1 од 6.9.2023 година и дополнувања на барањето бр.13-7880/3 од 20.9.2023 година, бр.13-8552/1 од 28.9.2023 година и бр.13-7880/6 од 5.10.2023 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 5.3.2009 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;
- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 11.5.2011 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;
- Одлука за промена на актот за основање од 15.7.2011 година донесена од

содружниците на друштвото;

- Одлука за пристапување на содружник и внесување на влог од 15.07.2011 година донесена од основачите на друштвото;
- Одлука за повлекување влог од 15.7.2011 година донесена од содружниицaverage на друштвото;
- Изјава од 15.7.2011 година дадена од содружник на друштвото;
- Изјава по член 32 од Законот за трговски друштва од 15.7.2011 година дадена
- од содружник на друштвото;
- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 10.6.2014 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;
- Одлука за намалување на удел од 18.2.2015 година донесена од содужниците на друштвото;
- Одлука за зголемување на удел од 18.2.2015 година донесена од содружниците на друштвото;
- Одлука за измена на договорот за друштвото од 18.2.2015 година донесена од содружниците на друштвото;
- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 18.2.2015 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;
- Договор за купопродажба на удел склучен на ден 29.7.2015 година помеѓу содружниците Соња Дојошевска од Битола и Менче Митровска од Битола;
- Договор за пренос на удел склучен на ден 29.7.2015 година помеѓу содружниците на друштвото Иванчо Митровски од Битола и Никола Митровски од Битола;
- Договор за пренос на удел склучен на ден 29.7.2015 година помеѓу содружниците на друштвото Влатко Стојаноски од Прилеп и Менче Митровска од Битола;
- Одлука за истапување на содружник од 29.7.2015 година донесена од содужниците на друштвото;
- Одлука за истапување на содружник од 29.7.2015 година донесена од содужниците на друштвото;
- Одлука за истапување на содружник од 29.7.2015 година донесена од содружниците на друштвото;

- Одлука за зголемување на удел од 29.7.2015 година донесена од содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 29.7.2015 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;

- Одлука за зголемување на удел од 26.4.2016 година донесена од содружниците на друштвото;

- Одлука за зголемување на удел од 26.4.2016 година донесена од содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 26.4.2016 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;

- Одлука за зголемување на удел од 25.7.2016 година донесена од

- содружниците на друштвото;

- Одлука за измена на договорот за друштвото од 25.7.2016 година донесена од

- содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 25.7.2016 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;

- Одлука за намалување на основната главнина на друштвото од 24.9.2016 година донесена од содружниците на друштвото;

- Одлука за измена на Договорот за друштвото од 24.9.2016 година склучен помеѓу содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на ден 24.9.2016 година помеѓу содружниците на друштвото;

- Одлука за намалување на основната главнина на друштвото од 15.3.2017 година донесена од содружниците на друштвото;

- Одлука за измена на договорот за друштвото од 15.3.2017 година донесена од содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на ден 15.3.2017 година помеѓу содружниците на друштвото;

- Одлука за намалување на основната главнина на друштвото од 3.9.2020 година донесена од содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) година склучен на ден 3.9.2020 година помеѓу содружниците на друштвото;

- Договор за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст)

склучен на ден 22.6.2023 година помеѓу содружниците на друштвото;

- Одлука за намера за намалување на основна главнина на друштвото од 27.6.2023 година донесена од содружниците на друштвото;

- правила за игри на среќа во обложувалница бр.02-528 од 5.9.2023 година донесени од Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77“ увоз-извоз ДОО Битола;

- податоци за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 18.09.2023 година и бонитет на сметка за период 18.3.2023 до 18.9.2023 година издадени од НЛБ банка АД Скопје;

- декларација за прием на плата од 14.3.2023 година, декларација за прием на плата од 10.4.2023 година, декларација за прием на плата од 10.5.2023 година, декларација за прием на плата од 15.6.2023 година, декларација за прием на плата од 14.7.2023 година и декларација за прием на плата од 14.8.2023 година издадени од Управата за јавни приходи и исплатени преку НЛБ банка АД Скопје и потврда за исплатени плати издадена од НЛБ банка АД Скопје;

- извештај за проценка на вредноста на недвижен имот, земјоделско земјиште, подвижен имот и компјутерска опрема П.бр.231/1 од 4.9.2023 година изготвен од Друштвото за интелектуални услуги и процена „МЕТОДА ПЛУС“ ДООЕЛ Кавадарци, имотен лист број:137 препис Катастарска општина:Долно Перово од 4.9.2023 година, имотен лист број:8463 Препис Катастарска општина:Прилеп од 4.9.2023 година, имотен лист број:713 Препис Катастарска општина :Долно Перово од 4.9.2023 година, имотен лист број:46642 Препис Катастарска општина:Битола 4 од 4.9.2023 година, имотен лист број:81517 Препис Катастарска општина: Карпош од 4.9.2023 година, имотен лист број:70387 Препис Катастарска општина: Битола 5 од 4.9.2023 година и имотен лист број:81 Препис Катастарска општина: Долно Агларци од 6.9.2023 година издадени од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, нотарски акт за договор за продажба на недвижен имот ОДУ Број 837/13 составен на ден 9.7.2013 година од нотар Трајко Маркоски од Прилеп, нотарски акт за договор за продажба на недвижен имот ОДУ Бр.28/13 составен на ден 21.1.2013 година од нотар Николче Павловски од Ресен, нотарски акт за договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.1031/2016 составен на ден 22.6.2016 година од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, солемнизација – потврда на приватна исправа (Договор за пренос на право на сопственот на недвижен имот) ОДУ.Бр.670/14 издадена на ден 13.11.2014 година од нотар Мексуд Максуд од Ресен, Решение за законски наследници О.бр.1093/12 УДР.бр.240/12 донесено на ден 30.05.2013 година од нотар Горан Димановски од Битола и Решение за законски наследници О.бр.1093/12 УДР.бр.240/12 донесено на ден 30.05.2013 година од нотар Горан Димановски од Битола, договор за купопродажба на опрема склучен во Битола на ден 7.12.2013 година помеѓу Николче Атанасовски и Никола Митровски, договор за дело склучен на ден 3.06.2012 година помеѓу Борче Лазаревски и Никола Митровски, договор за пренос на удел склучен на ден 29.7.2015 година помеѓу Иванчо Митровски и Никола Митровски, договор за купопродажба склучен на ден 9.3.2013 година помеѓу Микс-Нет ДОО Битола и Никола Митровски, фактура 15-311-

00035 од 10.3.2015 година издадена од ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, испратница бр.21 издадена на ден 8.2.2013 година издадена од „ДРВО ПРОФИЛ" ДООЕЛ Прилеп, договор за деловно-техничка соработка склучен на ден 9.1.2014 година помеѓу ДООЕЛ ФЕРЦО Битола како изведувач и Никола Митровски од Битола, Иванчо Митровски од Битола и Влатко Стојаноски од Прилеп како корисници, договор за купопродажба на компјутерска опрема склучен во Битола на ден 19.9.2015 година помеѓу Милое Божиноски како продавач и Никола Митровска како купувач, договор за купопродажба на комјутерска опрема склучен на ден 14.3.2014 година помеѓу Милое Божиноски како продавач и Никола Митровски како купувач, договор за дар на парични средства склучен на ден 22.6.2023 година помеѓу Никола Митровски како дародавател и Менче Митровска како дароприматeл, две уплатница образец ПП30 од 22.6.2023 година издадени од НЛБ банка АД Скопје и промет во период од 21.6.2023 до 24.6.2023 година издаден од НЛБ банка АД Скопје.

- број на извод: 107 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 5.9.2023 година издаден од НЛБ банка АД Скопје;

- Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам бр.03-457/1 од 3.8.2023 година донесена од Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола;

- решение бр.2817/02230-0280/2 од 29.9.2023 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Битола;

- решение број 30420090001204 од 12.3.2009 година и тековна состојба бр.0805-50/150020230227624 од 6.9.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.2832-3/416-1 од 5.10.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Битола и потврда бр.05-053998/23-0002 од 5.10.2023 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/273 од 4.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/274 од 4.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица

бр.0808-50/150420230004758 од 4.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150420230004759 од 4.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-27/65 од 4.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и

- уплатници ПП 50 за платена административна такса од 650 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува за приредување на игри на среќа во обложувалница, што произлегува од доставените правила за приредување на игри на среќа во обложувалница бр.02-528 од 5.9.2023 година од Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола, кои се во согласност со член 78 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца, видно од податоците за учесникот во платен промет (тековна состојба) од 18.9.2023 година и бонитетот на сметка за период 18.3.2023 до 18.9.2023 година издадени од НЛБ банка АД Скопје.

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето видно од декларацијата за прием на плата од 14.3.2023 година, декларацијата за прием на плата од 10.4.2023 година, декларацијата за прием на плата од 10.5.2023 година, декларацијата за прием на плата од 15.6.2023 година, декларацијата за прием на плата од 14.7.2023 година и декларацијата за прием на плата од 14.08.2023 година издадени од Управата за јавни приходи и исплатени преку НЛБ банка АД Скопје и потврдата за исплатени плати издадена од НЛБ банка АД Скопје.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

Од Договорот за основање на друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на ден 22.6.2023 година помеѓу содружниците на друштвото и Одлуката за намера за намалување на основна главнина на друштвото од 27.6.2023 година донесена од содружниците на друштвото, се утврди дека основната главнина на друштвото по извршеното намалување ќе изнесува 515.066,00 евра и се состои од паричен влог во износ од 52.500,00 евра и непаричен влог во износ од 462.566,00 евра. Влоговите кои се внесени во основната главнина на друштвото се сопственост на содружниците Никола Митровски, Менче Митровска и Менка Митровска, и тоа Никола Митровски внесува недвижности

(три куќи, две земјоделски земјишта и еден стан) и подвижни ствари (11 аларми, 31 компјутер, 8 пултови, 10 ресивери, 2 сервери, 150 столици и 3 кафемати), Менче Митровска внесува паричен влог во износ од 52.500,00 евра и Менка Митровска вложува недвижности (една куќа и едно земјоделско земјиште).

Од извештајот за проценка на вредноста на недвижен имот, земјоделско земјиште, подвижен имот и компјутерска опрема П.бр.231/1 од 4.9.2023 година од 25.8.2020 година изготвен од Друштвото за интелектуални услуги и процена „МЕТОДА ПЛУС“ ДООЕЛ Кавадарци се утврди вредноста на непаричниот влог.

Од имотен лист број:137 препис Катастарска општина:Долно Перово од 4.9.2023 година, имотен лист број:8463 Препис Катастарска општина:Прилеп од 4.9.2023 година, имотен лист број:713 Препис Катастарска општина :Долно Перово од 4.9.2023 година, имотен лист број:46642 Препис Катастарска општина:Битола 4 од 4.9.2023 година, имотен лист број:81517 Препис Катастарска општина: Карпош од 4.9.2023 година, имотен лист број:70387 Препис Катастарска општина: Битола 5 од 4.9.2023 година и имотен лист број:81 Препис Катастарска општина: Долно Агларци од 6.9.2023 година издадени од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, нотарски акт за договор за продажба на недвижен имот ОДУ Број 837/13 составен на ден 9.7.2013 година од нотар Трајко Маркоски од Прилеп, нотарски акт за договор за продажба на недвижен имот ОДУ Бр.28/13 составен на ден 21.1.2013 година од нотар Николче Павловски од Ресен, нотарски акт за договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.1031/2016 составен на ден 22.6.2016 година од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, солемнизација – потврда на приватна исправа (Договор за пренос на право на сопственот на недвижен имот) ОДУ.Бр.670/14 издадена на ден 13.11.2014 година од нотар Мексуд Максуд од Ресен, Решение за законски наследници О.бр.1093/12 УДР.бр.240/12 донесено на ден 30.5.2013 година од нотар Горан Димановски од Битола и Решение за законски наследници О.бр.1093/12 УДР.бр.240/12 донесено на ден 30.5.2013 година од нотар Горан Димановски од Битола, договор за купопродажба на опрема склучен во Битола на ден 0.12.2013 година помеѓу Николче Атанасовски и Никола Митровски, договор за дело склучен на ден 3.6.2012 година помеѓу Борче Лазаревски и Никола Митровски, договор за пренос на удел склучен на ден 29.7.2015 година помеѓу Иванчо Митровски и Никола Митровски, договор за купопродажба склучен на ден 09.3.2013 година помеѓу Микс-Нет ДОО Битола и Никола Митровски, фактура 15-311-00035 од 10.03.2015 година издадена од ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, испратница бр.21 издадена на ден 8.2.2013 година издадена од „ДРВО ПРОФИЛ“ ДООЕЛ Прилеп, договор за деловно-техничка соработка склучен на ден 09.01.2014 година помеѓу ДООЕЛ ФЕРЦО Битола како изведувач и Никола Митровски од Битола, Иванчо Митровски од Битола и Влатко Стојаноски од Прилеп како корисници, договор за купопродажба на опрема склучен во Битола на ден 7.12.2013 година помеѓу Николче Атанасовски и Никола Митровски, договор за купопродажба на компјутерска опрема склучен во Битола на ден 19.9.2015 година помеѓу Милое Божиноски како продавач и Никола Митровска како купувач и договор за купопродажба на комјутерска опрема склучен на ден 14.3.2014 година помеѓу Милое Божиноски како продавач и Никола Митровски како купувач, се утврди потеклото на недвижностите и подвижните ствари внесени од Никола Митровски и Менка Митровска. Содружникот Никола Митровски подвижните ствари и дел од недвижностите ги купува, а дел од невижностите ги стекнува во оставинска постапка како законски наследник. Менка Митровска недвижностите ги стекнува во оставинска постапка, како законски наследник.

Од договорот за дар на парични средства склучен на ден 22.6.2023 година помеѓу

Никола Митровски како дародавател и Менче Митровска како дароприматeл, двете уплатница образец ПП30 од 22.6.2023 година издадени од НЛБ банка АД Скопје и промет во период од 21.6.2023 до 24.6.2023 година издаден од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека паричниот влог е внесен во основната главнина на друштвото и дека парите содружникот Менче Митровска ги стекнала како дар од Никола Митровски.

Од број на извод: 107 за промени на состојбата на средствата на сметката на ден 5.9.2023 година издаден од НЛБ банка АД Скопје се утврди дека на сметката има доволно парични средства за уплата на надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница и истите потекнуваат од тековното работење на друштвото.

Од доставеното решение бр.2817/02230-0280/2 од 29.9.2023 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Битола, се утврди дека уплатно-исплатното место кое се наоѓа во Подружница ЕВРО ТИП 1 Битола на ул.„Филип Втори Македонски" бр.30 трг/ком/Безистен-лок.12 во Битола ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница има уплатено основна главнина во износ од 515.066 евра, видно од тековната состојба бр.0805-50/150020230227624 од 6.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и Одлуката за намера за намалување на основна главнина на друштвото од 27.6.2023 година донесена од содружниците на друштвото.

Трговското друштво ги има измирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето за издавање на лиценца, видно од уверението за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.2832-3/416-1 од 5.10.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Битола и потврда бр.05-053998/23-0002 од 5.10.2023 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија.

Од доставените потврди бр.0808-12/273, бр.0808-12/274, бр.0808-50/150420230004758 и бр.0808-50/150420230004759 од 4.9.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија, се утврди дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа.

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-27/65 од 4.9.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, оценувајќи ги податоците искажани во годишната сметка за 2022 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Барање за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница согласно член 73 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри може да поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Согласно член 13 став (1) точка 12) од Законот, доколку приредувачот не

ја одржува висината на основната главнина пропишана во Законот, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 11 и 12 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 75 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите компјутери, преку кој ќе се врши евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното известување бр.22-1383/3 од 3.3.2015 година доставено од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека надзорниот информациски систем на Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола е официјално поврзан со информацискиот систем на УЈП.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77" увоз-извоз ДОО Битола, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Во согласност со член 74 став (1) од Законот, лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години.

Според член 10 став (1) од Законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата. Со оглед на наведеното се одлучи како во точките 2 и 3 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 74 став (2) од Законот, за добивање на лиценца за приредување игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не го плати надоместокот во утврдениот рок, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 4, 5 и 6 од диспозитивот на оваа лиценца, а согласно член 11 од законот.

Според член 76 став (1) од Законот, приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на

Народната банка на Република Северна Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција. Согласно член 13 став (1) точка 9) од Законот, доколку приредувачот на игрите на среќа не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 7 и 8 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 79 ставови (1), (2) и (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во обложувалница, Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77“ увоз-извоз ДОО Битола се задолжува, на месечна основа, да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места. Исто така, Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77“ увоз-извоз ДОО Битола се задолжува, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт до 15-ти во месецот за претходниот месец. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 9 и 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игрите на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77“ увоз-извоз ДОО Битола достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77“ увоз-извоз ДОО Битола.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Бр. 41-11747/4**
**28 ноември 2023 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**м-р Бојан Маричиќ**

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата